

*СОУ „Методи Митевски - Брицо “ – Делчево*

*Честит патрон празник*

*15 Април 2021 година*

*60 години спомени!*

*60 години постоење, едукација, воспитување!*

*60 години спој на генерации!*

*60 години мисија на знаење, квалитет, автентичност, оригиналност!*

---

Почитувани колеги, поранешни и сегашни вработени во училиштето, почитувани ученици, нека ни е честит Патрон празникот на нашето училиште!

Ми претставува особена чест што сум дел од еден ваков јубилеј, празник на училиштето, на генерациите и на поединците кои денес се успешни професионалци во различни области, научници, лекари, политичари, уметници, економисти, инженери, кои се гордост на нашата гимназија и кои со своите стручни знаења и заложби даваат огромен придонес во развојот на нашата држава.

Денес се слави спомент на едно време. Гимназијата „Методи Митевски Брицо” е автентичност, оригиналност, идентитет, историја!

60 јубилејни години се зад нас, 60 години од неговото успешно функционирање. 60 години спомени. 60 години спој на генерации. 60 години мисија на знаење, квалитет, автентичност, оригиналност.

Да се биде дел од оваа гимназија е вистинска привилегија, но да се биде Директор е голем предизвик и уште поголема одговорност. Искрено се радувам што гимназијата „Методи Митевски Брицо” се развива како заедница на квалитетот, на креативноста, на слободниот ум и на новите идеи.

Поради сето ова „Методи Митевски Брицо” е траен белег на едно постоење, непрекината врска на генерациите, наша сегашност и иднина. И надеж дека засекогаш тоа и ќе остане!

Ве поздравувам сите вас кои сте или сте биле дел од гимназијата „Методи Митевски Брицо”, вработени, ученици, родители со надеж дека празните клупи ќе бидат само уште едно искушение и период што ќе остане долго зад нас и ќе се сретнеме што поскоро во училиштето исполнето са џагорот и позитивната енергија на учениците, училишното ѕвоно и мудриот глас на професорите.